Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 5 април 2021 година

Скопје, април 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 април 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:45 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Бојан Маричиќ, министер за правда.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од Триесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 5 април 2021 година, со Предлог-одлука

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Триесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 5 април 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Триесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 5 април 2021 година.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести во врска со потребата од продолжување на забраната и посебниот режим на движење на граѓаните на целата територија на Република Северна Македонија, во временски период од 20.00 часот, до 5.00 часот наредниот ден, почнувајќи од 6 април 2021 година (вторник) до 20 април 2021 година (вторник).

2.1. За време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, сите граѓани кои живеат во станбени објекти за колективно домување и што имаат домашни миленичиња (куче), да може да ги изнесуваат надвор од своите домови, во вечерните часови, во времетраење од еден час, почнувајќи од 22.00 часот до 23.00 часот, најмногу до 100 метри од објектот во кој живеат.

2.2. На граѓаните кои извршиле имунизација/вакцинација во центрите за вакцинација, во временски период непосредно пред започнување на забраната и посебниот режим на движење, им се дозволува враќање до своето живеалиште/престојувалиште врз основа на потврдата за извршена вакцинација.

3. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести во врска со потребата од целосна забрана за посетители – гости во сите угостителски објекти (кафетерии, ресторани, барови, клубови) и други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, како и во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) или на бензинските станици, а оние угостителски објекти кои вршат подготовка и продажба на храна можат да остваруваат продажба на алтернативен начин (онлајн или телефонски нарачки и слично) и да вршат достава или да овозможат самостојно подигнување на нарачката надвор од угостителскиот објект (преку штанд/пулт), почнувајќи од 7 април 2021 година (среда), до 20 април 2021 година (вторник).

Исклучок од ова се угостителските објекти на Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот „Св.Апостол Павле“ во Охрид, како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) за посета од лицата сместени во овие објекти.

4. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести за целосна забрана за посетители – гости во сите обложувалници, односно приемот на посетителите и работата на обложувалниците да биде овозможена исклучиво преку вршење на шалтерска услуга (шалтер/штанд/пулт), односно угостителскиот објект/дел во обложувалниците, како и во казината, да биде затворен за посетители, почнувајќи од 7 април 2021 година (среда), до 20 април 2021 година (вторник).

5. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести за целосна забрана за посетители – гости во сите вежбални, фитнес клубови, спортски центри и сали наменети за вежбање, почнувајќи од 6 април 2021 година (вторник), до 20 април 2021 година (вторник).

6. Се забранува организирање, одржување и присуство/учество на секаков вид на семинари, обуки, работилници, курсеви, конференции и други настани од ваков тип, почнувајќи од 6 април 2021 година (вторник), до 20 април 2021 година (вторник).

7. Во делот на исклучоците од воведената забрана и посебен режим на движење на граѓаните на целата територија на Република Северна Македонија, регистрираните индивидуални земјоделци дозволите за движење (до зелените пазари) да ги обезбедат преку општинските кризни штабови и подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

8. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство соодветно да го информира земјоделскиот сектор во врска со ова прашање.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

## Точка 2

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 3

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:55 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зеќири

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев